## ИНФОРМАТОР

Во организација на Здружението на социолозите на Република Македонија, во периодот јануари-септември 1996 година, беше одржана серија средби, предавања и трибини на теми и проблеми од социолошки карактер во неколку регионални центри во Република Македонија. Предавачи беа еминентни стручњаци од определена социолошка проблематика. Со тоа беше остварена неопходната научна и стручна комуникација со социолозите од Републиката, а во исто време се придонесе кон поцелосна афирмација на социологијата како наука и професија. Во рамките на тие активности беа организирани следните средби:

– На 16. 02. 1996 година во Битола предавање на тема "Неутралноста како перспектива на Република Македонија" одржа проф. д-р Трајан Гоцевски, декан на Филозофскиот факултет во Скопје.

– Во Струга, на 11. 05. 1996 година беше организирано предавање за иновациите и осовременувањето на воспитно-образовниот систем во Република Македонија. Предавач беше д-р Софија Тодорова, министер за образование и физичка култура на Република Македонија.

– На 08. 06. 1996 година во Скопје беше организирана средба на која предавачи беа Торе Бог, амбасадор и шеф на мисијата на ОБСЕ во Скопје, кој зборуваше на тема "Граѓанинот во три сфери: локална, државна, меѓународна – права и должности" и проф. д-р Љубомир Фрчковски, министер за надворешни работи на Република Македонија, кој зборуваше на тема "Малцинствата во Република Македонија – геостратегиски аспекти".

Сите овие средби беа масовно посетени и беше развиена богата расправа од страна на присутните социолози. Средбите беа од големо значење за едукација на социолозите, особено за оние кои работат во средното образование.

* * *

Во текот на 1996 година беа организирани три значајни промоции на публикации од исклучителна важност за социолошката научна мисла. Тоа се:

– Промоција на првиот број на списанието "Социолошка ревија" која се одржа во НУБ "Св. Климент Охридски" во Скопје. За значењето на ова наше прво списание од областа на социологијата

зборуваа проф. д-р Блага Петроска, претседател на Здружението на социолозите на Република Македонија и доц. д-р Јован Корубин, главен и одговорен уредник на списанието.

– Промоција на колективниот труд "Социолошки терминолошки речник", во издание на Институтот за социологија при Филозофскиот факултет и Македонската академија на науките и уметностите. Промоцијата беше одржана во просториите на МАНУ при што за значењето на ова издание зборуваа академик д-р Божидар Видоески и проф. д-р Блага Петроска.

– Промоција на книгата "Macedonian ethnic identity" (in Toronto, Canada) која се одржа во НУБ "Св. Климент Охридски". За книгата зборуваше проф. д-р Димитар Мирчев.

– Промоција на книгата "Социологија на правото" од проф. д-р Томислав Чокревски за која, во просториите на Правниот факултет во Скопје, зборуваше проф. д-р Тодор Пеливанов.

* * *

Членови на Здружението на социолозите на Република Македонија зедоа активно учество на Првата балканска конференција за граѓанско образование која се одржа во Приморско (Бугарија) од 09. до 15. 06. 1996 година. Во работата на конференцијата учество зедоа доц. д-р Нелко Стојаноски, доц. д-р Јован Корубин, м-р Зоран Матевски и Гордана Трајкова.